Утрински весник, 13.12.2000, 447, 17

*Музеј на современата уметност*

# Мерачи на времето



Во Музејот на современата уметност, вечерва во 20 часот ќе биде отворена изложбата со наслов Тик Так Ток, која е реализирана заедно со Центарот за современи уметности и Универзитетот за визуелни уметности во Данди, Шкотска. На изложбата ќе се претставаат десет уметника од Македонија и од Шкотска, кои со свои дела различно ја обработуваат темата за времето. Изложбата во Скопје е првиот дел од планираниот проект а вториот дел, односно втората изложба, ќе биде реализирана на Универзитетот во Данди, Шкотска, која ќе биде отворена од 27 април до 23 мај. Изложбата во Данди, ќе опфати и текстови сврзани со темата, кои ќе се објават во каталогот. Искра Димитрова, Дејан Спасовиќ Оливер Мусовиќ, Александар Здравковски Стефан Шашков и Никола Велков од Македонија, Ли Кокс, Пол Дигнан, Кевин Хендерсон, Стиви Флек од Шкотска, секој на свој начин, со свое видување, ќе се претстават со дела поврзани со идејата за мерење на времето. Како што нагласи Мелентие Пандиловски, идејата за оваа изложба е стара една година, а како директна инспирација послужил часовникот што се наоѓа денеска на Музејот на град Скопје, од пред земјотресот на Железничката станива, од којшто уметниците се инспирирале да се зафатат со овој проект на тема време. Оваа изложба претставува обид уметниците да креираат дела поврзани со идеите за мерењето на времето. Делата или го покажуваат времето во денот или го презентираат сопственото време. Идејата на часовникот вклучува други идеи и луѓе, објект со кој се забележуваат пристигањата и заминувањата, ос кои се мери присатност и отсатност.

(Г.М.Б.)